Врз основа на член 23 став 4 од Законот за градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04), министерот за финансии донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ОД ЗАЕДНИЧКИОТ ФОНД НА ГРАДОТ СКОПЈЕ И НА ОПШТИНИТЕ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува методологијата за распределба на средствата од Заедничкиот фонд на градот Скопје и на општините во градот Скопје (во натамошниот текст: Заеднички фонд).

Член 2

Од вкупните средства на Заедничкиот фонд се распределуваат 20% за извршување на надлежностите на градот Скопје, според формулата:

$$Dsk = ZFvk \cdot 0{,}20$$

***Dsk* –** претставува дотација која се распределува на градот Скопје;
***ZFvk* –** претставува вкупен износ на средства од Заедничкиот фонд наплатени до последниот ден во месецот.

Член 3

Средствата во износ од 80% од Заедничкиот фонд се распределуваат на општините во градот Скопје според критериумот по жител, согласно податоците од последниот извршен попис на население објавени од Државниот завод за статистика.

Распределбата на средствата од став 1 на овој член на општините во градот Скопје се врши според формулата:

$$Di = \frac{ZFvk \cdot 0{,}80}{BZsk} \cdot BZi$$

***Di*** – претставува дотација која се распределува на општината во градот Скопје;
***ZFvk*** – претставува вкупен износ на средства од Заедничкиот фонд наплатени до последниот ден во месецот;
***BZsk*** – претставува број на жители во градот Скопје, согласно податоците од последниот извршен попис на население објавени од Државниот завод за статистика;
***BZi*** – претставува број на жители на општината во градот Скопје за која се врши распределба на дотацијата, согласно податоците од последниот извршен попис на население објавени од Државниот завод за статистика.

Член 4

Средствата на Заедничкиот фонд се насочуваат на дневна основа на посебна сметка во рамките на сметката на градот Скопје и се распределуваат еднаш месечно, најдоцна во рок од 5 работни дена по завршувањето на месецот за претходниот месец, освен последната исплата која се врши на 25 декември, или првиот нареден работен ден во тековната буџетска година.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува со отпочнување на примената на Законот за градот Скопје („Службен весник на РМ“ бр. 55/2004).

Бр. 12-28552/1
17 ноември 2004 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Никола Поповски,** с.р.